РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-943
10.05.2017 година
С К О П Ј Е

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА
Примено: 14.08.2017
Организациона единица: 08 | Број: 1093/1 | Прилог: | Вредност:

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

3. По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.17-517/4 од 21.03.2017 година за акредитација на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се обрати со барање бр. 08-298/2 од 12.04.2017 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП 1 бр. 14-943 од 21.04.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-943 од 03.05.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.05.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-943 од 05.05.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
С К О П Ј Е
Примено: 15.08.2017
Орг. Един.: 01 | Број: 298/3 | Прилог: | Вредност:

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Биљана Зафировска
прегледал: Снежана Лувевска
одобрил: д-р Агим Рушити